ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1395/4
20-07-2026

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35 - та седница, одржана на 16.07.2026 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Пријавата со бр. 09-1395/1 од 24.03.2026 година, со наводи за судир на интереси во постапка за полагање практичен дел од возачки испит, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не укажуваат на постапување на службени лица во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што не се исполнети законските услови за постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Пријавата да се достави на надлежно постапување до Министерството за внатрешни работи на РСМ.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 09-1395/1 од 24.03.2026 година е оформен врз основа на пријава од познат подносител, во која се укажува на можен судир на интереси и неправилности во постапката за полагање на практичниот дел од возачкиот испит за категорија „Ц“ во Испитниот центар „--------------“ – Велес.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Подносителот наведува дека по полагањето на практичниот испит, поради сомнеж за неправилности во постапката, поднел приговор на 10.03.2026 година, како и негово дополнување на 12.03.2026 година, во кое укажал на можен судир на интереси. По поднесениот приговор, Испитниот центар донел Решение бр. 60/0306 од 16.03.2026 година, со кое приговорот бил одбиен. Во пријавата исто така се наведува и дека решението е потпишано од лице кое е во сродство со член на испитната комисија која го спровела испитот. Исто така, подносителот доставил претставки и до Државниот управен инспекторат, Министерството за внатрешни работи – Сектор за внатрешна контрола, Одделот за управно-надзорни работи (лиценци) и Народниот правобранител.

По разгледување на пријавата и приложената документација, Државната комисија утврди дека наводите во истата не се однесуваат на постапување на службени лица во смисла на член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, согласно кој:
„Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.“
Согласно член 240 став 1, 2, 3 и 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („ Службен весник на Република Македонија” број 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и 191/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 70/19, 98/19, 302/20, 122/21, 33/24, 208/24, 193/25, 258/25, 58/26 и 79/26 ) е предвидено:
„(1) Работите на организирање и спроведување на возачкиот испит за кандидат за возач, ги врши правно лице по добивање лиценца за испитен центар од Министерството за внатрешни работи, за временски период од 10 години.
(2) Лиценцата од ставот (1) на овој член, Министерството за внатрешни работи ја издава доколку правното лице ги исполнува условите од членот 244 став (1) од овој закон.
(3) По издавањето на лиценцата од ставот (1) на овој член, Министерството за ватрешни работи го запишува испитниот центар во Регистарот на испитни центри во ова министерство.
(4) Испитниот центар од ставот (1) на овој член, работите на организирање и спроведување на возачкиот испит ги врши согласно со организацијата на соодветните организациски единици на Министерството за внатрешни работи.

Согласно член 292 став 1,2 и 3 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата е предвидено:
„(1) Возачкиот испит се полага пред испитна комисија формирана во испитниот центар.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

(2) Испитната комисија е составена од претседател и два члена - испитувачи и тоа испитувач по теоретски и испитувач по практичен дел.
(3) Претседателот и испитувачите од испитната комисија од ставот (2) на овој член, се лица вработени во испитниот центар. "

Согласно член 296 став 3 од истиот закон е предвидено:
„ (3) Во случај кога кандидатот за возач не го положи возачкиот испит, има право на приговор до испитниот центар, во рок од 24 часа од спроведувањето на возачкиот испит."
Согласно член 297 став 1,2,3 и 4 од истиот закон е предвидено:
„ (1) За разгледување на приговорите согласно со членот 296 став (3) од овој закон, испитниот центар формира комисија за разгледување на приговорот.
(2) Комисијата од ставот (1) на овој член, е составена од претседател и два члена, од кој претседателот е раководител или контролор во испитниот центар, додека од двата члена има по еден претставник од Министерството за образование и наука и Министерството за внатрешни работи. Во работата на комисијата, на барање на кандидатот за возач, може да учествува и претставник од автошколата кој го оспособувал, без право на глас.
(3) Комисијата од ставот (1) на овој член, донесува решение во рок од пет работни дена од поднесување на приговорот.
(4) Испитниот центар по добивање на решението од ставот (3) на овој член, писмено го известува кандидатот за одлуката во рок од 24 часа и му доставува примерок од решението."

Во конкретниот случај, лицата ---------, претседател на Комисијата за одлучување по приговорот, и -----------, член на испитната комисија, се лица вработени во Испитниот центар „------------" – Велес.

Имајќи предвид дека наведените лица не се избрани или именувани лица, ниту вработени во јавниот сектор, тие немаат својство на службени лица во смисла на член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи предвид дека Државната комисија за спречување на корупцијата не е надлежна да постапува по наводите содржани во пријавата, односно нема надлежност да утврдува судир на интереси во однос на лица кои немаат својство на службени лица во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а со цел наводите од пријавата да бидат разгледани од надлежен орган, Државната комисија одлучи пријавата да ја достави до Министерството за внатрешни

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

работи на Република Северна Македонија за натамошно постапување во рамките на неговите законски надлежности и одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Претседател

Адем Чучуљ

По заклучок на ДКСК:
Изработил: м-р Б.К. – виш соработник
Контролирал: К.З. – раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК